**ДОГОВОР**
**за учество во платниот систем КИБС**

Склучен помеѓу:

1. **КЛИРИНШКА КУЌА КЛИРИНШКИ ИНТЕРБАНКАРСКИ СИСТЕМИ АД Скопје**, со седиште на булевар „Кузман Јосифовски Питу“ бр.1, 1000 Скопје, ЕМБС: 5529581, претставуван од генералниот директор Горан Анастасовски, како оператор на платен систем (во понатамошниот текст: оператор на платниот систем КИБС), и

2. **-------------------------**, со седиште на -------- во ----------, ЕМБС -------, претставувано од -----------------, како учесник во платниот систем (во натамошниот текст: Учесник).

Во понатамошниот текст именувани како „договорни страни“.

## Член 1

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Учесникот и Операторот, заради учество во платниот систем КИБС.

КЛИРИНШКА КУЌА КЛИРИНШКИ ИНТЕРБАНКАРСКИ СИСТЕМИ АД Скопје е оператор на платниот систем КИБС врз основа на Дозвола за оператор на платен систем КИБС, издадена од Народна банка на Република Северна Македонија со бр: ------------- од ------------ година, во кој покрај Учесникот учествуваат и други учесници во согласност со Законот за платежни услуги и платни системи, а регулирани во Правилата за работење на платниот систем КИБС (во натамошниот текст: Правилата).

Со потпишување на овој Договор и прифаќање на Правилата за работа на платниот систем КИБС и актите по кои работи платниот систем КИБС со кои во целост се уредува неговото работење, Учесникот ги користи услугите кои ги обезбедува операторот на платниот систем КИБС вклучително и управувањето со платниот систем од страна на операторот.

## Член 2

Договорните страни се обврзуваат во целост да ги почитуваат одредбите и да постапуваат согласно актите со кои се уредува работењето на платниот систем:

- Правила за работа на платниот систем КИБС;
- Упатство за видот, формата и начинот на размена на податоци помеѓу операторот и учесниците во платниот систем КИБС;
- Терминскиот план за работа на платниот систем КИБС;
- Тарифата на надоместоците за извршените услуги.

## Член 3

Учесникот се обврзува да ги почитува во целост пропишаните услови и стандарди за доверливост на информациите и заштита на податоците кои се разменуваат помеѓу учесниците во платниот систем КИБС.

Заштитата на личните податоци ќе се врши согласно важечката регулатива и интерните акти на секоја од договорните страни кои се во согласност со истата.

## Член 4

Доколку настанат измени и дополнувања во одделни одредби во актите од член 2 на овој Договор вклучително и евентуални промени на нивниот назив, како и изработка и усвојување на дополнителни акти поврзани со нив, Операторот се обврзува веднаш за тоа да го информира Учесникот преку каналите за комуникација согласно Правилата. Доколку Учесникот пред

датумот наведен во односното известување не го извести Операторот дека не се согласува со промените и со тоа воедно не поднесе барање за раскинување на Договорот, се смета дека Учесникот е согласен со сите промени и се обврзува да ги почитува истите во целост.

Учесникот се обврзува да го почитува и секое упатство, соопштение или известување дадено од страна на Операторот во врска со користењето на услугите доколку истото не е спротивно на одредбите и целта на овој Договор.

**Член 5**

Операторот се обврзува да обезбеди непрекината и квалитетна услуга согласно Договорот, актите по кои работи платниот систем и законските прописи во Република Северна Македонија и да обезбедува постојана усогласеност на актите, активностите и услугите предмет на овој Договор со регулативата применлива во Република Македонија.

**Член 6**

Овој Договор се склучува на неопределено време и истиот може да се менува и надополнува со Анекс кон Договорот, потпишан од двете договорни страни, во кој ќе се определи и рокот на стапување во сила на промените.

Овој Договор се смета за раскинат во случаите и на начините предвидени согласно Правилата. Договорните страни можат да го раскинат Договорот и во секое време со писмено известување, доставено до операторот 3 месеци пред раскинувањето, освен доколку во Правилата не е поинаку определено.

**Член 7**

Сите спорови што ќе произлезат од овој Договор, Договорните страни се согласни да се обидат да ги решат првенствено спогодбено по мирен пат, во спротивно, за сите спорови ќе одлучува надлежниот суд во Скопје.

**Член 8**

Овој Договор има 2 страници и е склучен во 2 (два) идентични примерока по 1 (еден) за секоја договорна страна.

**Член 9**

Договорот влегува во сила со денот на потпишувањето, а ќе се применува од добивањето на дозвола од Народна банка за оператор на платен систем.

| Оператор на платен систем | Учесник во платен систем |
|---|---|
| **КИБС АД Скопје** | --------------- |
| **Генерален директор** | -------------------- |
| **Горан Анастасовски** | -------------------- |
| ________________________ | ___________________________ |